**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Св. Кирил и Методиј** 54 (6[ти] **кат), 1000 Скопје***
***Тел** (02) 3298 666 **Факс** (02) 3296 466* *www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр.08-72

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **АрцелорМиттал Ацералиа Баскуе Холдинг С.Л.** Шпанија, **Банко Билбао Визкаја Аргентина С.А** Шпанија, **Банко де Сабаделл С.А.** Шпанија, **Банко Сантандер С.А** Шпанија, **Банко Популар Еспањол С.А.** Шпанија, **Банкиа С.А.** Шпанија, **Каиксабанк С.А.** Шпанија, **Банкинтер С.А** Шпанија, **Каха Рурал де Наварра, С. Коп. Де Кредито** Шпанија и **Кутксабанк С.А.** Шпанија, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седница одржана на ден 28.12.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **АрцелорМиттал Ацералиа Баскуе Холдинг С.Л.** со седиште на Ц/Чаварри, 6Сестао, Визкаја Шпанија, **Банко Билбао Визкаја Аргентина С.А** со седиште на Плаза де Сан Николас 4 Билбао Шпанија, **Банко де Сабаделл С.А.** со седиште на Плаза де Каталуња 1 Сабаделл, Барселона Шпанија, **Банко Сантандер С.А** со седиште на Пасео де Переда, 9-1 Сантандер Шпанија, **Банко Популар Еспањол С.А.** со седиште на Ц/Веласкез 34 Мадрид Шпанија, **Банкиа С.А.** со седиште на Ц/Пинтор Соролла 8 Валенсија Шпанија, **Каиксабанк С.А.** со седиште на Авенида Диагонал 621 Барселона Шпанија, **Банкинтер С.А.** со седиште на Пасео де ла Кастеллана 29 Мадрид Шпанија, **Каха Рурал де Наварра, С. Коп. Де Кредито** со седиште на Плаза де лос Фуерос 1 Памплона Шпанија и **Кутксабанк С.А.** со седиште на Ц/Гран Виа 30-32 Билбао Шпанија (**„Финансиски ентитети**") **имаат намера да стекнат заедничка контрола над Багоета С.Л**. со седиште на С/Алберт Ајнштајн 44 Мињано, Алава (Парко Технолохико де Алава) Шпанија, и дел од нејзините поврзани друштва кои ја сочинуваат Кондеса Групата, по пат на реструктуирање на долг, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот зазаштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износод 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11 и 41/14), на ден 04.12.2015 година, а дополнето на 14.12.2015 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје прими известување за концентрација со која **АрцелорМиттал Ацералиа Баскуе Холдинг С.Л.** со седиште на Ц/Чаварри, 6Сестао, Визкаја Шпанија **(„АрцелорМиттал“), Банко Билбао Визкаја Аргентина С.А** со седиште на Плаза де Сан Николас 4 Билбао Шпанија, **Банко де Сабаделл С.А.** со седиште на Плаза де Каталуња 1 Сабаделл, Барселона Шпанија, **Банко Сантандер С.А** со седиште на Пасео де Переда, 9-1 Сантандер Шпанија, **Банко Популар Еспањол С.А.** со седиште на Ц/Веласкез 34 Мадрид Шпанија, **Банкиа С.А.** со седиште на Ц/Пинтор Соролла 8 Валенсија Шпанија, **Каиксабанк С.А.** со седиште на Авенида Диагонал 621 Барселона Шпанија, **Банкинтер С.А.** со седиште на Пасео де ла Кастеллана 29 Мадрид Шпанија, **Каха Рурал де Наварра, С. Коп. Де Кредито** со седиште на Плаза де лос Фуерос 1 Памплона Шпанија и **Кутксабанк С.А.** со седиште на Ц/Гран Виа 30-32 Билбао Шпанија (**„Финансиски ентитети**") **имаат намера да стекнат заедничка контрола над Багоета С.Л**. со седиште на С/Алберт Ајнштајн 44 Мињано, Алава (Парко Технолохико де Алава) Шпанија, и дел од нејзините поврзани друштва кои ја сочинуваат Кондеса Групата **(„Багоета“).**

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

1. **Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АрцелорМиттал** е член на АрцелорМиттал Групата, мултинационална интегрирана компанија за челик и руда активна на сите големи глобални пазари кои наоѓаат примена во автомобилски, градежни, апарати за домаќинство и во секторот за амбалажа.

***Поврзани друштва на АрцелорМиттал во Македонија***

АРЦЕЛОРМИТТАЛ ФЦЕ ДООЕЛ Скопје, 16та Македонска Бригада бр. 18 Скопје, со деловна акттивност - продажба на сплоснати челични цевки во Македонија и странство.

АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје, 16та Македонска Бригада бр. 18 Скопје, со деловна акттивност - производство на ладно валани челични производи, поцинкувани челични производи и органски прекриени производи.

АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ХРМ) АД Скопје, 16та Македонска Бригада бр. 18 Скопје, со деловна акттивност - производител на топловалани траки (Ова друштво не произведува повеќе години station наназад).

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* *www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk*

**Финансиските ентитети** се друштва кои обезбедуваат банкарски и финансиски услуги кои претежно се активни во Шпанија.

**Багоета** е холдинг друштво од Кондеса Групата кој Група е главно активна во производството на различни видови на челични цевки за заварување од помал обем како што се стандардни цевки и прецизни цевки.

Предметната концентрација се однесува на пазарите за производство на челични цевки за заварување од помал обем како што се стандардни цевки и прецизни цевки.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 7 в) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласночлен 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**